Врз основа на член 46 став (1) и став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за доброволно пријавување на учесници во партиципативно тело

Јавниот оглас се распишува во согласност со член 46 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), за обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање.

**Јавниот оглас ќе трае од 15.03.2021 до 15.04.2021 година или 31 ден, сметано со денот на објавување на веб страната на Општината.**

Во текот на јавниот оглас, заинтересираните физички лица можат да се пријават во писмена форма преку писарницата на Општината како претставници на: невладини организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти, како и граѓани што се стручни лица од обласста на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Врз основа на член 46 став (3) од Законот за партиципиенти во партиципативното тело се избираат од:

- членови на Комисијата за урбанизам на Општина Гевгелија;
- стручните лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план;
- претставници од урбаните и месните заедници;
- претставници на невладини организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти;
- стручни лица од бласта на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот

и нивното учество е на доброволна основа.

Партиципативното тело има консултативна улога преку пренесување на ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги разгледува планските програми во фаза пред истите да му бидат предложена на градоначалникот за одобрување, ги разгледува планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија исто така го разгледува и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде даден на стручна ревизија. Работа на партиципативното тело е јавна, а

начинот на работа ќе биде уреден во Деловникот за работа на Партиципативно телно на Советот на Општина Гевгелија бр. 09-196/1 од 29.01.2021 година

За доставените пријави подносителите ќе бидат известени во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување пријави.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Гевгелија, **www.gevgelija.gov.mk** и **на огласната табла во Општината.**

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Гевгелија

**м-р Сашо Поцков**

**с.р.**